ПРЕЗЕНТАЦИЈА

Стојко Стојков, Многуимените Други. Македонија – пресечна точка на Другоста на средновековниот Балкан (Идентитетски Јазли)

*Скопје, 25. 12. 2024 г. МАНУ*

***Вовед***

Почитуван академик Витомир Митевски – потпретседател на на Македонската академија на науките и уметностите;

Почитувани домаќини од МАНУ и особено мојот земјак и инспирација академик Ѓорѓи Поп-Атанасов и мојот доскорешен ректор во Универзитетот Гоце Делчев - Штип – академикот Блажо Боев;

За мене е чест што денес со нас е почесниот генерален конзул на Монголија г-н Литов Намдаг Јанчевин

Почитувани челенови на рецензентската комисија и промотори проф. д-р Александар Атанасовски и Тони Филипоски;

Почитуван мој ментор и рецензент и поттикнувач – проф. д-р Коста Аџиевски;

Моја драга деканке на Факултетот за образовни науки – Емилија Петрова – Ѓорѓева и сите колеги од УГД кои дојдовте да ми се придружите денес;

Драг декане на Филозофски факултет при УКИМ – Оливер Бакрески – кога ве видов денес се почувствува толку млад – се помниме од студентските години;

Почитувани колеги, пријатели, љубители на науката и словото,

– Благодарам што дојдовте!

Раѓањето на секоја нова книга е празник, а денес се раѓа цела една нова едиција – Македонија Бизантина - нека ни биде многу-плодна и вековита!

Чест е за мене едицијата да започне со моја книга и се надевам и таа да ѝ направи чест на едицијата.

Оваа книга започна пред малку повеќе од четвртина век - во Скопје, во една соба на 14 кат на студентскиот дом Гоце Делчев – како вчера да беше, а сепак толку многу се промени – јас бев само студен, професорот Атанасовски - асистент, професорот Филипоски свежо вработен во ИНИ, а на мојот ментор Коста Аџиевски брадата сеуште му беше црна. Беше крајот на минатиот милениум – не знам дали на мене само ми изгледа така, но милениумите во последно време летаат многу брзо!

После четврт век зреење  како жито и леб најпосле втаса за консумација.

За мене е сега радост да ја претставам на читателите и на колегите за суд – „да не сум трчал и сум се трудел залудо“.

Можеби некои од вас ја имаат претходната книга со сличен наслов – разликата меѓу двете е голема – како што можете сами да видите – и не е во големината на буквите, можам да ви кажам. Тоа е генерално нова книга, со нова содржина, повеќе од два пати поголема и основно преработена.

*Името*

Како што името нејзино кажува тоа е книга за имиња.

А името е нешто многу важно - нашето време ни припомни колку важни се имињата и правото да ги даваш или носиш, да имаш СВОЕ име.

Првото дело што ќе го направи првиот човек во Светото писмо е да им даде имиња на животните.

Да даваш имиња на себе и други е едно од нештата што не прави луѓе.

Преку имињата се идентификуваме и без нив не можеме ниту да мислиме ниту зборуваме едни за други.

Името е слика во збор, аудио-икона на битието....

Ова е книга за колективни имиња

А кога зборуваме за групни именувања во минатото ние се соочуваме со повеќе проблеми.

*Другоста*

<u>Првиот</u> е дека тие се обично надворешни именувања. Себе-именувањата се ретки.

Но дали надворешното име – *екзонимот*, одговара на внатрешното, на себе-именувањето, на *ендонимот*?

Статистички можеме да одговориме на прашањето негативно – обично надворешните имиња не соодветствуваат на себе-именувањата – во изворите екзонимите користени за иста популација се многу и никоја популација не би можела да користи за себе толку многу различни имиња во исто време.

Притоа ако ги комбинираме информациите за популациите обележувани со секое конкретно име ќе добиеме детска шкртаница, а не етнографска мапа.

Со надворешните именувања во средниот век се означувала всушност Другост, различност. Не народност. Тоа е една од темите на оваа книга.

Македонија се наоѓа постојано во некаква зона на другост во средниот век наспроти големите политички центри на Балканот, зони различни по опфат и означувани со различни имиња, за кон крајот на средниот век полека за ова другост да започне да се користи и Македонци. Имињата се менуваат, но луѓето се секој пат – Други.

На пример во 13 - 14 в. бугарските и српските владетели ги сметале луѓето во Македонија за „Грци", а пак во Константинопол ги сметале нив за Бугари или за Срби. Но секогаш Други.

Ако така да се каже во минатото „Бугарите" и „Србите" ги сметале луѓето во Македонија за Грци, а „Грците" ги сметале за Бугари или други тоа значи само дека нашите предци биле различни и од едните и од другите, дека не биле ни Срби, ни Бугари ни Грци.

Колку се има превртено светот – денес секој сака да не посвои и присвои, а во средниот век никој не нѐ признавал за свои. Но и тогаш и сега мотивацијата е иста – желба да се владее со нас, а разликата доаѓа од само едно нешто – во средниот век луѓето биле или почесни или помалку лукави, а сега се - лицемери.

*Етносот*

Вториот проблем е разбирањето на што е тоа народ. Групните именувања се поврзани обично со поимот за „етноси". Но во средниот век етносот кажано кратко е населението дадено на управување од Бога на конкретен владетел. Како таков тој е составен од *суштински дел* – елитата преку која владее владетелот и *менлив дел* – населението од секакво потекло – денес едно – утре друго, менливо исто како и политичките граници.

Последиците од тоа набљудување се повеќе, но ќе спомнам две.

- Етносот во средниот век не е етничка категорија. Не како што ја разбираме ние денес. Тоа е пред се политичка и делумно верска категорија.
- Основен надворешен белег за одредување на припадноста кон некој етнос била де-факто лојалноста кон одредена власт и владетел.

Тоа е една од основните причини Македонија да биде поставувана во зони на Другост.

До 10 в. луѓето во Македонија и пошироко биле „лојални само на себе", во 11 в. - лојални на родот на Комитопулите и на себе, од 12 век понатаму лојалноста се свртува спрема ромејските василевси во градот не случајно преименуван од луѓето како Цариград. Тоа и ќе биде причина да бидат гледани како други од Србија и Бугарија. Но таа лојалност била прилично лизгава и во Цариград немале голема вера во неа – луѓето во Македонија поново биле гледани како лојални пред се на својот интерес како опортунисти, кои лесно ги менувале господарите за да го зачуваат своето.

*Осовременувањето*

Третиот проблем е во тоа што повеќе од средновековните имиња се во активна употреба и денес, но често со друга дури и сосема сменета содржина – многу лесно можеме да ставиме

новото вино во старите мешини и да ја осовремениме и соодветно фалсификуваме историјата испраќајќи ги современите нации во минатото.

Истото се однесува и на разбирањето на народот – колку лесно е нашето гледање да го прочитаме во зборовите *етнос* или *натио* во средниот век и со тоа повово да ја фалсификуваме историјата.

Разликата во двата приода е голема. Како меѓу тоа да се обидеш да го проучиш умрениот или да се обидеш да го вратиш во живот. Во првиот случај имаме историја, во вториот случај имаме некромантија, а резултатот би бил во најуспешниот случај – вампир, нежив, Франкештајн, тело без личност и без идентитет. Можете да зборувате што сакате од негово име, можете да пишувате што си сакате врз таквата табула раса, па дури и да го праќате да ги тероризира вашите конкуренти.

*Елитноста*

Четвртиот проблем потекнува од вториот - имињата во изворите се однесуваат основно на елитите. И тоа не само екзонимите.

Скоро исклучиво сите себе-идентификациии што ги наоѓаме се кај луѓе од елитите, и имињата што тие ги користат се поврзани со постоечки политички структури. Имаме Ромеи / Грци и Бугари како припадници на елитите на соодветните над-етнички царства. Тоа се себе-идентификации на луѓе од различни етнички заедници – обединети од припадност на иста структура на власт – не од етничко потекло или солидарност.

На пример како „Бугари“ се себе-идентификувале во Средниот век на Балканот општо еден Туранец номад, еден Грк, еден Ерменец и изгледа и еден Влав. Ниту еден Словен.

Така и доколку би постоеле во средниот век народите на Хрвати, Бугари, Срби, Грци - тие би се состоеле од по неколку стотици елитни семејства од различно потекло, кои себе си не се идентификувале со простиот народ.

*Обичниот народ*

На сличен начин - иако обичниот народ бил класифициран и етикетиран однадвор според елитата што владеела со него, но самиот народ не се нарекувал со имињата користени од и за елитата, туку ги употребувал како разграничувач. Тоа може доста сигурно да се утврди.

Пониските слоеви се идентификувале основно според религијата. Се идентификувале со небескиот цар, своето лично име, местото на раѓање, родители, професија. И самата лојалност спрема земниот владетел била всушност продолжение на лојалноста спрема небескиот цар, кој заповедал секоја душа да се потчинува на властите и да го почитува царот.

Владетелите биле минлива категорија, буквално биле користени како временски одредници, како датуми, но Бог е постојан.

Затоа не е чудно што единствената сигурна забележана солидарност во 13 – 14 в. на Балканот е на религиска основа.

Тоа ќе продолжи до крајот на 19 в.

Во песните што ги пеел обичниот народ во Македонија пред 1880 г. нема да најдеме Ние сме Срби, Бугари, Грци или Македонци, но ќе најдеме „Ние сме синку христијани."

Тоа е доминантната позната форма на идентитет што ги обединувала обичните луѓе со елитите пред 1900 г.

Затоа ако треба да ѝ дадеме периодизација на нашата историја не според политичките случувања, или економски промени, не според нашите разбирања, туку според доминантната форма на идентитет и имињата, користени во минатото, би можеле да издвоиме еден релативно хомоген масивен меѓу-период во македонската историја, кој започнува некаде меѓу 1 и 4 в., а завршува во 19 и почетокот на 20.

Како медиевист чувствувам неразбирливо искушение да го крстам Среден век. Но ќе го наречам сега поетски време меѓу два сона, меѓу две виденија.

*Меѓу два сона*

Започнува со едно видение или сон во областа на легендарната Троја во 50 г. по раѓањето Христово (*меѓу другото тоа е денес според Новиот Календар и довечера кога се приберам под Пирин ќе го славам Божиќ – разделени сме значи за жал не само во просторот но и во времето - Среќен Божик на сите што слават по новиот календар),* кога на апостолот Павле му се јави маж Македонец и го молеше Дојди во Македонија и помогни ни!

Завршува со друг сон-видение, сонуван во друг легендарен град – градот на Марко Крале - Прилеп некаде во 1880-тите. Во времето на налетот на националните пропаганди.

Еден човек раскинуван од дилемата во која црква треба да биде за да се спаси – патријаршијата или егзархијата му се молел на Бог за одговор и на сон му се јавил ангел, кој го одвел до пеколот каде видел многу луѓе, па прашал дали има овде Бугари, Грци, Власи. Му одговориле дека „во вечната мака имало од сите јазици и милети саде немало рисјани." Истото прашање го поставил и пред рајските порти и го добил одговорот: „Во рајов пријателе нема никаква народнос". Ами што има, прашал тој. „Има само рисјани што исполнуале заповедите Божји".

Тоа е период на универзални империи и религии, кога идентификацијата оди првенствено преку небескиот и земниот господар и преку верата и верноста.

Зависи како ќе погледнете - овој период е будност меѓу два сона или е еден долг сон.

Времето меѓу два сона обично е еден ден – за нас овој ден траеше скоро 2000 години.

Во времето меѓу двата сона главното име што доминира е христијани. Тоа е име кое ги обединува сте слоеви од општеството. Наша грешка и ароганција е што нашата модерна дистинкција меѓу етнички и религиски идентитет се трудиме да ја пренесеме и наметнеме во минатото!

Периодот започнува со процес кој за неколку века ќе доведе идентификацијата Македонец да се повлече од првото место во корист на идентификацијата христијанин и завршува со токму спротивниот процес во кој името Македонци повторно се враќа на прво место потиснувајќи го на второ место поимот христијанин. Тоа се двете именски константи што не поврзуваат со длабоката древност. Едната постара, другата – подлабока.

Но оваа книга не е за овие фундаментални, основни имиња. Таа е за пократкотрајните и помалите имиња. Некои од нив се империјални и надетнички како Римјани, Ромеи, Грци, Бугари. Други како поимот Словени се јавуваат како етноним и како културна ознака. Сите тие се поврзувачки за голем број популации далеку надвор од Македонија. Во врска со нив се и повеќе теми застапени во оваа книга кои читателот може да ги најде за интересни и актуелни – Словените - нивното доаѓање, однос и соднос со староседелците, именување и себе-именување. Над-етничките империјални државни формации Византија, Бугарија, Самуиловото царство, Другоста и лојалноста спрема нив, употребата на поимите Словени, Ромеи, Грци, Бугари и други, промената во значењата на поимите.

За жал неретко при истражувањето на овие имиња се прави напор истите да се повампират и понатаму искористат во современи цели и борби.

Трагично е што постојаните напади и оспорување на македонскиот идентитет направи многу луѓе несигурни и дури исплашени од минатото. Историјата стана оружје и мачител наместо учител. Колку уникатен страв – не од иднината, не од сегашноста туку од минатото.

А не треба да се плашиме од минатото или од мртвите, ниту од нивните имиња – само не треба да ги повампируваме!

Аристотел рече дека „Храброста е најважниот човечки квалитет затоа што ги гарантира сите други.“ Без неа останатите стануваат неостварливи.

И нема место каде ова мисла да е повистинита од барањето на вистината – овде храброста е најпотребна зашто бара ризикување на сè сигурно и познато во името на непознатото и не-сигурното.

Но многу пострашно е да се живее во страв и во лага, па биле тие и добро познати.

Ако наместо сами да ја бараме вистината – некој друг да добие монопол да зборува од наше име и да ни ги наметнува своите „вистини“.

Некој трет да ни го дава името и да ни го дефинира постоењето.

Да не повампири уште живи земајќи ни ги сеќавањата, верата.

А како што вели мојот земјак Никола Вапцаров – „ако земете зрнце од мојата вера, миг после грабежот ќе бидам јас ништо.“

Вистината ослободува, но вистинската вистина, објективната, не субјективната. Не нечија.

И името треба да е вистинско, да ја изразува суштината. Инаку името е само лага.

***

Накрај – Благодарам!

Пред се на Бога за успешното завршување на ова книга!

Им благодарам на сите кои ме поттикнаа и помогнаа за создавањето, издавањето и популаризирањето на оваа верзија на книгата:

- рецензентите Коста Аџиевски, Александар Атанасовски, Тони Филипоски,
- на Наде Проева, на Бранислав Светозаревиќ и Богдан Илиев,
- на Страшко Стојанов и Трајче Стојанов.
- на Серчанин и Човекот кои посакаа да останат анонимни а нивната помош беше клучна
- На Комитетот за византологија н медиеевистика на Република Македонија – за честа да ми биде издавач.
- На Раде Силјан кој прифати книгата да се шири преку Матица Македонска.
- На печатницата Европа 92 во Кочани која заврши извонредна работа во печатењето на книгата.

Ви благодарам на сите вас што дојдовте!

Им се извинувам на оние што дошле со надеж да купат книга овде – неа ќе ја има во книжарниците на Матица Македонска.